**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1010 – 388/4**
**Скопје 16/07/2008 година**

**ДО**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Дирекцијата за заштита и спасување за 2007 година (во натамошниот текст Дирекција), кои ја опфаќаат сметката за редовно работење, прикажани на страните 9 и 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Дирекцијата за 2006 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   - ✓ Ѓорѓи Трендафилов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување до 23.07.2007 година и
   - ✓ Коста Јовчевски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување од 24. 07.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 17/04/2008 до 29/05/2008 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - ✓ дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - ✓ дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти:**

10.1.1. Не се спроведени одредбите од Законот за заштита и спасување, при што:

- Дирекцијата нема дадено мислење неопходно за изготвување на плановите за заштита и спасување за подрачјето на општините и градот Скопје.
- На ревизијата не и беа презентирани докази дека општините имаат донесено процена за заштита и спасување за својата територија;
- Не се презентирани докази за извршени контроли за утврдување на степенот на подготвеноста на силите за заштита и спасување за успешно извршување на задачите предвидени со Законот и другите пропратни акти;
- Не се организирани вежбовни активности, кои според објаснувањето на одговорните лица не се извршени заради недостиг на парични средства.

Неизвршувањето на задачите дефинирани со одредбите од Законот за заштита и спасување, може да го намали степенот на подготвеност за заштита и спасување на сите субјекти на Републиката во целина.

**Препорака:**

Одговорното лице и раководителите на секторите, да изработат план за заштита и спасување од природни непогоди и епидемии.

10.1.2. Со увид во Правилникот за систематизација на работните места и неговото имплементирање констатирано е следното:

- Со новиот правилник предвидено е одделение за внатрешна ревизија со раководител на одделение и советник - внатрешен ревизор и истото до денот на ревизијата не е пополнето;
- Работното место овластен сметководител не е предвидено со двата наведени правилници;

- И покрај тоа што со Правилникот од 2007 година е предвидено Одделение за финансии, сметководството се води во сметководственото одделение при Министерството за одбрана и со истото е склучен договор за вршење на овој вид услуги.

  Според укажувањата, започнати се активности за целосно преземање на сметководствената евиденција од Министерството за одбрана.
- Со увид во персоналната документација констатирано е дека во неколку случаи не се почитувани условите пропишани со актот за систематизација, при што се вработени лица со несоодветна стручна подготовка и без соодветно работно искуство.

  Констатираните слабости во актот за систематизација и несоодветното пополнување на систематизираните работни места, доведува до зголемување на ризикот од нестручно и некомпетентно извршување на работните задачи.

**Препорака:**

1. Одговорното лице да преземе активности во делот на вработувањето советник за внатрешна ревизија, овластен сметководител и други звања поврзани со сметководството, а предвидени со систематизацијата;
2. Да се продолжи активноста за преземање на сметководствената евиденција од Министерството за одбрана;
3. Одговорното лице да пристапи кон усогласување на условите од актот за систематизација и стручната подготовка на вработените.

**10.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.2.1. Во текот на 2007 година од позициите Тековни резерви и Разни трансфери исплатени се вкупно 2.585 илјади денари по основ на паричен надомест и надомест за дополнително ангажирање на граѓани од резервниот состав за гасење на пожари, кои не биле во работен однос, не примале паричен надомест по основ на невработеност или не остварувале право на пензија, а согласно одлука на Владата на Република Македонија заради постоење на кризна состојба биле ангажирани. Исплатата е извршена врз основа на одлука на Заменик директор на Дирекцијата, во висина според Уредбата за висината и начинот на остварување на надоместок на граѓаните во извршувањето на правата и должностите во заштитата и спасувањето.
За половина од исплатените средства во износ од 1.255 илјади денари ревизијата не обезбеди доказ за статусот на лицата корисници на овие средства, пред се од фактот што според Законот за заштита и спасување и наведената Уредба, висината на надоместокот зависи од тоа дали корисникот е вработено или невработено лице или лице во пензија. Исплатата е извршена врз основа на поединечни изјави.

Неблаговремено обезбедените докази за статусот на корисниците на предметните надоместоци, може да доведе до ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**

Одговорното лице во Дирекцијата за заштита и спасување да изврши измена на Уредбата за висината и начинот на остварување на надоместок на граѓаните во извршувањето на правата и должностите во заштитата и спасувањето, односно да воведе обврска, лицата на кои им следува надомест, пред да им биде исплатен истиот

задолжително да достават потврда од Агенцијата за вработување на Република Македонија како доказ за вработеност односно невработеност.

### 10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата

10.3.1. Во 2007 година во Дирекцијата за заштита и спасување, набавката на гориво за службените возила се вршела со користење на Верна картички, при што биле потрошени вкупно 2.349 илјади денари. Предметните трансакции сметководствено не се евидентирани и на крајот на година не е извршен нивен попис, при што Дирекцијата не располага со податоци за количината и вредноста на непотрошените вредносни бонови на крајот на годината, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Несоодветното евидентирање на состојбата на неискористените Верни картички придонесува за нецелосно спроведување на пописот и нереално и необјективно изготвување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице во Дирекцијата за заштита и спасување да пропише акт за воспоставување сметководствена евиденција за вредносните бонови за гориво, да сроведе попис на истите со цел да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

10.3.2. Согласно Одлуките на Владата на Република Македонија од 15.12.2005 за престанок и давање на користење на недвижни ствари, Дирекцијата за заштита и спасување има право на користење поголем број објекти (деловни простории, магацини, гаражи и засолништа). Овие објекти не се сметководствено евидентирани, за истите не се пресметува амортизација и како вонбилансна евиденција не се искажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со ствари на државни органи. При извршеното примопредавање на овие објекти, Дирекцијата за заштита и спасување, од страна на Министерство за одбрана нема добиено информации за вредноста на објектите, поради што нема основни податоци за нивно евидентирање.

Дирекцијата за заштита и спасување не располага со имотни листови за градежните објекти кои и се отстапени на користење, како доказ за сопственоста на истите. Одговорните лица во Дирекцијата на 14.06.2006 година поднеле барање до Државниот завод за геодетски работи за соодветно евидентирање на настанатите промени, но немаат поднесено барање за издавање имотни листови.

Непочитувањето на законските прописи придонесува за нереално и необјективно изготвување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

1) Одговорното лице во Дирекцијата за заштита и спасување, да формира комисија за проценка на вредноста на градежните објекти кои им се дадени на користење и да се воспостави вонбилансната сметководствената евиденција, се додека не се обезбеди доказ од надлежниот орган за нивната сопственост.

2) Одговорното лице во Дирекцијата за заштита и спасување, да побезбеди доказ за сопственост на имотот, добиен на користење од страна на Министерството за одбрана.

10.3.3. Со извршениот увид на пописниот елаборат констатирано е:

- ✓ Централната пописна комисија имала на увид 35 поединечни пописни елаборати, од кои кај 17 подрачни одделенија констатирани се кусоци кај 236 артикли;
- ✓ Според пописните елаборати причини за кусоците се: несоодветно и неблаговремено евидентирање на сите трансакции, кражби, невратени средства од лица кои се починати, а кои биле задолжени со реверси;
- ✓ Не е обезбеден доказ дека директорот го разгледал извештајот од Централната пописна комисија, од причина што директорот не се произнел за изнесената состојба, не донел одлука за усвојување на пописниот елаборат и не донел одлука за расчистување на предложените средства за расход.

Во услови кога се констатирани голем број кусоци, од кои еден дел се со сериозен карактер и во големи износи, не донесувањето на конечни и соодветни решенија од страна на директорот, го зголемува ризикот од злоупотреба на средствата.

**Препорака:**

Одговорното лице да ја дефинира одговорноста на лицата кои се одговорни за настанатите кусоци и против истите да се преземаат соодветни мерки.

10.3.4. По извршената делба во 2005 година, Дирекцијата за заштита и спасување од Министерството за одбрана има добиено опрема, која според документацијата за извршеното примопредавање не располага со податоци за нивната набавна вредност, датата кога е извршена набавката и износот на сегашната вредност. Поради тоа, опремата добиена од Министерството за одбрана не е сметководствено евидентирана, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со ствари на државни органи. Од страна на вработените во Дирекцијата добиени се информации според кои поголем дел од таа опрема е стара и вон употреба.
Наведената состојба предизвикува нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лица да формира комисија за проценка на сегашната вредност на средствата добиени од Министерството за одбрана, за кои нема податоци за сметководствено евидентирање. Истовремено да се процени техничката и физичката застареност на секоја поединечна опрема.

10.3.5. Од формирањето на Дирекцијата за заштита и спасување, па се до крајот на 2007 година, набавени се материјални и нематеријални средства во вкупен износ од 12.045 илјади денари. Овие средства не се сметководствено евидентирани и за нив не е пресметана амортизација, во вкупен износ од 2.195 илјади денари. Поради тоа, во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година на позицијата Постојани средства не се искажани со сегашна вредност од 9.850 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со ствари на државни органи. Непочитувањето на законските прописи придонесува за нереално и необјективно изготвување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице во Дирекцијата за заштита и спасување да го задолжи Секторот за сметководство да изврши сметководствено евидентирање на постојаните средства.

10.3.6. Дирекцијата за заштита и спасување располага со 86 возила, од кои 76 возила се добиени со извршената делба со Министерството за одбрана, за кои повеќе од половина не се добиени документи потребни за нивна регистрација, иако се технички исправни. Дирекцијата има набавено 10 нови возила, во услови кога заради непренесено право на користење на средствата од Министерството за одбрана не се во можност да ги користат постоечките.
Нецелосно и недоволно стручно спроведениот делбен биланс доведува до користење на буџетски средства за набавка на средства кои веќе ги има буџетскиот корисник, кои во подобри услови, би се искористиле за други потреби.

**Препорака:**

Одговорните лица во Дирекцијата за заштита и спасување да ги обезбедат документите од Министерството за одбрана, поврзани со набавката на возилата, со цел истите да се регистрираат и да се стават во употреба.

10.3.7. Во Дирекцијата за заштите и спасување не е воспоставена сметководствена евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, поткрепени со соодветни документи за прием и издавање на истите. Поради невоспоставена сметководствена евиденција на залихите, не е извршен попис на залихата и не е извршено усогласување на фактичката и сметководствената состојба, што е спротивно на одредбите од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Невоспоставената сметководствена евиденција за залихи има за ефект нереално и необјективно искажување на финансиски извештај – Биланс на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице да изготви акт за воспоставување сметководствена политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите во сметководствената евиденција согласно законската регулатива.

10.3.8. Со увид во сметководствената документација е констатирано дека дел од фактурите кои се пристигнати во декември 2007 година и јануари 2008 година, во вкупен износ од 897 илјади денари, не се евидентирани во сметководствената евиденција за 2007 година, што е спротивно на начелата на ажурност и навременост на евидентирањето на сметководствените настани, пропишани во Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.
Неблаговременото и неажурното евидентирање на сите сметководствени трансакции во годината предизвикува до нереално и необјективно изготвување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице да изготви акт за воспоставување сметководствени принципи и начела кои ќе овозможат целосно, навремено и ажурно евидентирање на сите сметководствени трансакции во годината за која се однесуваат, како предуслов за реално и објективно изготвување на финансиските извештаи.

**10.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

10.4.1. Дирекцијата има ангажирано лица по основ на договор за дело и за истите има исплатено 1.678 илјади денари. Извршените исплати се спротивно на одредбите од Законот за работни односи и Законот за агенциите за привремени вработувања, според кои при исплатата треба да се пресметаат сите даноци и придонеси преку Агенцијата надлежна за овој вид исплати. Според укажувањата од одговорните лица во Дирекцијата, во минатиот период не се поднесени барања до Министерството за финансии за вработување на нови лица. Овој начин на вработување на ангажираните лица предизвикува помалку пресметани и платени придонеси од плата.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги интезивира активностите околу добивање согласност од Министерството за финансии за вработување на нови лица согласно наведените законски прописи, потребите и условите предвидени со Правилникот за систематизација.

10.4.2. Меѓународните активности во текот на 2007 година се извршени без претходно донесена програма, односно без претходно дефинирани критериуми и услови за патување во странство, како основа за дефинирање на делегацијата, составот, предметот и целта на патувањето во странство.
Наведената состојба е потврдена од Раководителот на Секторот за општи и оперативни работи и обука, кој писмено го известил директорот за непланското користење на буџетските средства.

Отсуството на програма со дефинирани критериуми и услови предизвикува неконтролирано трошење на средствата, фаворизирање на одделни вработени и неефикасно имплементирање на добиеното искуство.

**Препорака:**

Одговорното лице на почетокот на секоја година да изготвува програма со дефинирани критериуми за меѓународни активности, со цел добиените меѓународни искуства и сознанија целосно и навремено да се имплементираат.

11. Вкупниот нето ефект од прифатените и спроведените корекции од страна на субјектот со извршената ревизија врз Билансот на состојба е:

- Намалување на сметките за активни временски разграничувања и обврските за плати за 6.571 илјади денари заради неосновано двојно евидентирани обврски за плата за месец декември 2007 година.

12. Според наше мислење, заради наодите наведени во точките 10.2. и 10.3., финансиските извештаи невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската состојба на Дирекцијата за заштита и спасување за 2007 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2007 година.

13. Според наше мислење, освен наодите во точката 10.4., остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи.

**14. Обелоденување**

Во Република Македонија не е изготвена Национална стратегија за заштита и спасување за период од 5 години. Според Законот за заштита и спасување, Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија има обврска да донесе Национална стратегија за заштита и спасување.
Според постоечката законска регулатива Дирекцијата за заштита и спасување нема законска обврска да дава предлог за изготвување на Национална стратегија, иако стручниот кадар со кој располага Дирекцијата е директно инволвиран во единствениот систем за откривање и спречување на последиците од настанати елементарни непогоди и може најмногу да придонесе во изготвување на Национална стратегија.
Заради наведената системска слабост и надминување на истата, ревизијата е на мислење дека одговорните лица во Дирекцијата треба да иницираат измена на наведениот закон, со цел Дирекцијата и нејзините стручни лица да учествуваат во концепирање на Национална стратегија на Република Македонија.

**Скопје, 21/07/2008 година** **Овластен државен ревизор**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| **Трансфери и донации** | | |
| Трансфери од дрги нивоа на власт | 108,622 | 113,072 |
| **Вкупно приходи** | **108,622** | **113,072** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 82,925 | 80,936 |
| Резерви и недефинирани расходи | 4,640 | 10,976 |
| Стоки и услуги | 17,112 | 15,007 |
| Субвенции и трансфери | 1,709 | 207 |
| **Вкупно тековни расходи** | **106,386** | **107,126** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2,236 | 5,946 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,236** | **5,946** |
| **Вкупно расходи** | **108,622** | **113,072** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 6,576 | 6,193 |
| **Вкупно тековни средства** | **6,576** | **6,193** |
| **Вкупна актива** | **6,576** | **6,193** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5 | 5 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 6,571 | 6,188 |
| **Вкупно тековни обврски** | **6,576** | **6,193** |
| **Вкупна пасива** | **6,576** | **6,193** |